**ФАРМАЦЕВТСКА ХЕМИСКА КОЗМЕТИЧКА ИНДУСТРИЈА**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТЕЊЕТО НА АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ

## ЗА ПЕРИОД ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2017

**Февруари 2018**

**СОДРЖИНА**

1. **Општи податоци**
2. **Управување со финансиски ризик**
3. **Инвестиции**
4. **Дивиденда**
5. **Финансирање**
6. **Големи зделки**
7. **Односи со поврзани субјекти**
8. **Акционерски капитал**
9. **Надоместоци на раководството**

10. **Производство и продажби**
    **Производство во физички обем**

    **Вкупни продажби**
    Продажби по сегменти
    Продажби на домашен пазар по сегменти
    Продажби на странски пазар по сегменти
    Продажби на странски пазар по региони / земји

    **Вкупен приход, утврдување и распоредување на добивката**

    Вкупни приходи
    Вкупни расходи
    Биланс на успех
    Биланс на состојба
    Показатели за работењето

    **Број на вработени**

## 1. Општи податоци

Алкалоид АД Скопје е акционерско друштво, основано и со седиште во Република Македонија. Адресата на Друштвото е: Александар Македонски 12, Скопје, Република Македонија.

**Основна дејност** на Алкалоид АД Скопје е производство на фармацевтски, хемиски и козметички производи и производи од билно потекло. Покрај основната дејност Алкалоид АД Скопје, согласно уписот во судскиот регистер, може да обавува и трговија на големо и надворешно-трговски промет со прехранбени и непрехранбени производи.
**Претежна дејност** е производство на фармацевтски производи.

Акциите на Алкалоид АД Скопје, котираат на официјалниот пазар на Македонската берза за хартии од вредност од 2002 година.

Годишниот извештај за работењето на Алкалоид АД Скопје е изготвен во согласност со Законот за трговски друштва (Сл.Весник на РМ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16) и Правилникот за водење на сметководство (Сл.Весник бр. 159/09, 164/10 и 107/11). Извештајот е изготвен во согласност со концептот на набавна цена, со исклучок на земјиштето, градежните објекти и вложувањата расположиви за продажба, кои се искажани според нивната пазарна вредност.

Изготвувањето на годишен извештај во согласност со Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководство бара примена на проценки и претпоставки од страна на менаџментот на Друштвото, кои влијаат врз искажаните позиции во финансиските извештаи. Иако проценките на раководството се базираат на разумни информации и познавања за настаните и активностите, фактичките резултати може да се разликуваат од проценетите.

## 2. Управување со финансискиот ризик

### Видови финансиски ризик

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарен ризик (ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените), кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши Финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Управниот Одбор.

### Пазарен ризик

#### а) Ризик од промена на девизниот курс

Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.

За да се намали изложеноста на девизниот ризик, Друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел истите да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

**2. Управување со финансискиот ризик (продолжение)**

**б) Ризик од промена на цените**

Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположиви-за-продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

**Кредитен ризик**

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број на салда. На тој начин, управувањето со кредитниот ризикв клучува политика на разумно намалување и дисперзија на концентрацијата на побарувањата во портфолиото на клиентите.

**Ризик од неликвидност**

Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување на доволни количества на готовина, можност за обезбедување на средства за кредитирање на операциите на Друштвото.

**Каматен ризик**

Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на Друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, и истиот го регулира во директни преговори со банките. Каматните стапки на долгорочните кредити се помали од краткорочните, и значајно не варираат. Каматите на краткорочните кредити земени од банките во земјата во тековниот период се намалени во однос на минатата година.

**Објективна вредност**

Објективната вредност на Вложените средства расположиви-за-продажба се базира на вредноста на акциите кои котираат на официјалниот финансиски пазар на денот на Билансот на состојба.

За вреднување на Вложувањата кои не котираат на официјалниот пазар, се применува тековната пазарна вредност на вложувања во хартии од вредност во иста или слична групација во која дејствува субјектот.

Книговодствената вредност намалена за проценетите исправки на вредноста на финансиски средства и обврски, со рок на доспевање пократок од една година, ја претставува приближно нивната објективна вредност.

Проценките на Друштвото се базираат на искуството и останатите фактори, вклучувајќи ги и очекувањата за идните настани за кои се верува дека се веројатни во сегашните околности.

## 3 Инвестиции

Инвестициите ги вклучуваат зголемувањата на материјалните (градежни објекти и опрема) и нематеријалните средства (патенти, лиценци, софтвер).

Инвестициите по сегменти (Профитни центри) на 31 декември се:

**(Во 000 Ден)**

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **17/16** |
| Фармација | 774.989 | 93 | 584.201 | 84 | 133 |
| Хемија Козметика Билкарство | 56.578 | 7 | 114.109 | 16 | 50 |
| **Вкупно:** | **831.567** | **100** | **698.310** | **100** | **119** |

## 4 Дивиденда

Друштвото не ја евидентира обврската за дивиденди сé додека истата не се ратификува на Годишно собрание на акционерите.

На 3 Април 2017 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2016 година во износ од 357.838 илјади денари. Пресметаната дивиденда е прикажана како намалување од задржаната добивка.

## 5 Финансирање - Кредити

**(Во 000 Ден)**

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Кредити** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **17/16** |
| Нетековни кредити | 268.624 | 57 | 25.802 | 8 | 1.041 |
| Тековни кредити | 200.078 | 43 | 288.054 | 92 | 69 |
| **Вкупно:** | **468.702** | **100** | **313.856** | **100** | **149** |

Доспевањето на кредитите е:

**(Во 000 Ден)**

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Доспеаност** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **17/16** |
| До 1 година | 200.078 | 43 | 288.054 | 92 | 69 |
| Од 1 до 3 години | 268.624 | 57 | 25.802 | 8 | 1.041 |
| **Вкупно:** | **468.702** | **100** | **313.856** | **100** | **149** |

## 6 Големи зделки

Според Законот за трговски друштва, Алкалоид АД Скопје во 2017 година нема склучено големи зделки.

## 7 Односи со поврзани субјекти

Алкалоид АД Скопје нема краен единствен сопственик. Акциите на Друштвото се поседувани од голем број на правни и физички лица.

Алкалоид АД Скопје поседува осумнаесет подружници и една фондација во Македонија и странство. Продажбата на, и набавката од поврзаните субјекти се одвива на принцип на нормални продажни услови и пазарни цени.

**Вложувања во поврзани субјекти**

(Во 000 Ден)

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Подружница** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **17/16** |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 15.439 | 4 | 15.439 | 4 | 100 |
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 62.566 | 17 | 62.566 | 17 | 100 |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 866 | - | 866 | - | 100 |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 39 | - | 39 | - | 100 |
| Алкалоид фарм СА Фрибург, Швајцарија | 4.285 | 1 | 4.285 | 1 | 100 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 2.748 | 1 | 2.748 | 1 | 100 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, | 307 | - | 307 | - | 100 |
| Билна аптека ДООЕЛ Скопје, Македонија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, Македонија | 130.154 | 35 | 130.154 | 35 | 100 |
| Алкалоид УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД | 3.873 | 1 | 3.873 | 1 | 100 |
| Фондација „Трајче Мукаетов" Скопје, Македонија | 3.000 | 1 | 3.000 | 1 | 100 |
| Алкалоид ДОО Подгорица, Црна Гора | - | - | - | - | - |
| ООО Алкалоид Рус Москва, Русија | 119.359 | 32 | 119.359 | 32 | 100 |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, Словенија | 461 | - | 461 | - | 100 |
| Алкалоид Веледрогерија ДОО Белград, Србија | 7.720 | 2 | 7.720 | 2 | 100 |
| Алкалоид Иљач ТЛС Истанбул, Турција | 2.616 | 1 | 2.616 | 1 | 100 |
| АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, Словенија | 18.485 | 5 | 18.485 | 5 | 100 |
| Алкалоид Шпк Тирана, Албанија | 308 | - | 308 | - | 100 |
| ТОВ Алкалоид Киев, Украина | 2.157 | 1 | 615 | - | 351 |
| **Вкупно:** | **374.691** | **100** | **373.149** | **100** | **100** |

Сите поврзани субјекти се 100% сопственост на Алкалоид АД Скопје, освен вложувањето во Алкалоид УСА каде учеството изнесува 49%. Иако вложувањето на Алкалоид АД Скопје во Алкалоид УСА ЛЛЦ Колумбус, Охајо САД изнесува 49 %, Друштвото поседува контрола.

Во текот 2016 година, регистрирана е нова подружница во Република Албанија, со седиште во Тирана, како и нова подружница во Украина, со седиште во Киев. Во 2017 година Друштвото изврши зголемување на вложувањето во ТОВ Алкалоид Киев, во износ од 25 илјади евра.

Друштвото има претставништва во Русија, Босна и Херцеговина и Украина. Резултатите од работењето на претставништвата се вклучени во финансискиот извештај на матичното друштво.

**Продажби на производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| Подружница | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 143.967 | 6 | 120.537 | 5 | 119 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 14.759 | 1 | - | - | - |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, | 997.889 | 40 | 746.080 | 34 | 134 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | -123 | - | - | - | - |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, | 197.861 | 8 | 232.717 | 11 | 85 |
| Алкалоидфарм СА Фрибург, | 128 | - | 184 | - | 70 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, | 171.495 | 7 | 160.844 | 7 | 107 |
| ООО Алкалоид Рус, Москва, Русија | 350.266 | 14 | 267.001 | 12 | 131 |
| Алкалоид ФАРМ ДОО Љубљана, | - | - | - | - | - |
| Алкалоид Веледрогерија ДОО | 600.454 | 24 | 675.278 | 30 | 89 |
| Алкалоид Иљач Т. Л. С. Истанбул, | 3.882 | - | 4.905 | - | 79 |
| Алкалоид Билна аптека ДООЕЛ | 6.623 | - | 7.253 | - | 91 |
| **Вкупно:** | **2.487.201** | **100** | **2.214.799** | **100** | **112** |

**Набавка на производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| Подружница | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 15.227 | 2 | 11.391 | 2 | 134 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 9.338 | 2 | 13.217 | 2 | 71 |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, | 35.093 | 6 | 22.770 | 4 | 154 |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и | 94.167 | 15 | 69.497 | 13 | 135 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 50.649 | 8 | 94.587 | 17 | 54 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, | 30.710 | 5 | 34.593 | 6 | 89 |
| Алкалоидфарм СА Фрибург, | 181.570 | 29 | 180.267 | 33 | 101 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, | 2.057 | - | 2.084 | - | 99 |
| Алкалоид ДОО Подгорица, Црна Гора | 40.426 | 7 | 34.093 | 6 | 119 |
| Фондација „Трајче Мукаетов" Скопје, | 9.372 | 2 | 9.906 | 2 | 95 |
| ООО Алкалоид Рус Москва, Русија | 82.527 | 13 | 66.596 | 12 | 124 |
| Алкалоид ДОО Веледрогерија | 3.985 | 1 | - | - | - |
| Алкалоид Иљач Т. Л. С. Истанбул, | 9.574 | 2 | 10.472 | 2 | 91 |
| Алкалоид Билна аптека ДООЕЛ | 2.600 | - | 2.550 | - | 102 |
| Алкалоид Шпк Тирана, Албанија | 3.814 | 1 | 1.967 | - | 194 |
| Алкалоид ТОВ Киев, Украина | 44.800 | 7 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **615.909** | **100** | **553.990** | **100** | **111** |

**Побарувања од продажби на производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| Подружница | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 72.723 | 6 | 74.690 | 6 | 97 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 14.758 | 1 | - | - | - |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, | 342.360 | 29 | 266.279 | 23 | 129 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 131 | - | 253 | - | 52 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк, | 80.163 | 7 | 85.811 | 7 | 93 |
| Алкалоидфарм СА Фрибург, | - | - | 3 | - | - |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, | 61.511 | 5 | 56.878 | 5 | 108 |
| ООО Алкалоид Рус Москва, Русија | 333.153 | 29 | 346.287 | 29 | 96 |
| Алкалоид Веледрогерија ДОО | 247.376 | 21 | 337.442 | 29 | 73 |
| Алкалоид Иљач Т. Л. С. Истанбул, | 7.001 | 1 | 3.743 | - | 187 |
| Алкалоид Билна аптека ДООЕЛ | 2.481 | - | 3.033 | - | 82 |
| Алкалоид АЛКА-ЛАБ ДОО Љубљана, | - | - | 2.041 | - | - |
| **Вкупно:** | **1.161.657** | **100** | **1.176.460** | **100** | **99** |

**Обврски за набавка на производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| Подружница | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 241 | - | 156 | - | 154 |
| Алкалоид ДОО Загреб, Хрватска | 1.896 | 1 | 1.564 | 1 | 121 |
| Алкалоид ИНТ ДОО Љубљана, Словенија | 18.085 | 14 | 32.186 | 14 | 56 |
| Алкалоид ДОО Сараево, Босна и Херцеговина | 13.684 | 10 | 10.718 | 5 | 128 |
| Алкалоид ЕООД Софија, Бугарија | 4.987 | 4 | 27.345 | 12 | 18 |
| АЛК&КОС Фармацеутикалс Шпк Приштина, | 4.815 | 4 | 4.313 | 2 | 112 |
| Алкалоидфарм СА Фрибург, Швајцарија | 69.892 | 53 | 154.241 | 66 | 45 |
| Алкалоид Конс ДООЕЛ Скопје, Македонија | 933 | 1 | 544 | - | 172 |
| Алкалоид ДОО Подгорица, Црна Гора | 6.904 | 5 | 2.773 | 1 | 249 |
| Алкалоид ДОО Веледрогерија Белград, Србија | 1.006 | 1 | - | - | - |
| Алкалоид Билна аптека ДООЕЛ Скопје, | 708 | 1 | 826 | - | 86 |
| Алкалоид Шпк Тирана, Албанија | 123 | - | 123 | - | 100 |
| Алкалоид ТОВ Киев, Украина | 8.005 | 6 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **131.279** | **100** | **234.789** | **100** | **56** |

**Побарувања за дадени аванси, позајмици и кредити**

(Во 000 Ден)

| Подружница | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Алкалоид ДОО Белград, Србија | 1.928 | 3 | 1.928 | 100 | 100 |
| Алкалоид СА Фрибург, Швајцарија | 66.410 | 97 | - | - | - |
| **Вкупно:** | **68.338** | **100** | **1.928** | **100** | **3.545** |

## 8 Акционерски капитал

| | Број на акции | Обични акции | Сопствени акции | Вкупно | Премии од акции |
|---|---|---|---|---|---|
| **На 1 Јануари 2016** | **1.416.612** | **2.220.127** | **-23.032** | **2.197.095** | **-** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - | - |
| **На 31 Декември 2016** | **1.416.612** | **2.220.127** | **-23.032** | **2.197.095** | **-** |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - | - |
| **На 31 Декември 2017** | **1.416.612** | **2.220.127** | **-23.032** | **2.197.095** | **-** |

Вкупниот број на одобрени и издадени акции е 1.431.353 со номинална вредност од ЕУР 25,56 (Денари 1.551) по акција. Издадените акции се платени во целост.

Од вкупните сопствени акции, 14.741 се сопствени обични акции и 3.287 акции резервирани за поранешни сопственици од кои 3.228 приоритетни акции и 59 обични акции стекнати по основ на дивиденда.

### Заработка по акција

**(Во Ден)**

| | 2017 Износ | 2016 Износ | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|
| Расположива Нето добивка (Денари) | 765.954.710 | 704.269.882 | 109 |
| Број на акции | 1.416.612 | 1.416.612 | 100 |
| **Основна заработка по акција (Денари):** | **540,69** | **497,15** | **109** |

## 9. Надоместоци на раководството

На членовите на Управниот одбор на Друштвото во 2017 и 2016 година не се исплатени надоместоци за учество во одборот.

На членовите на Надзорниот одбор на Друштвото во 2017 година вкупно се исплатени 4.207 илјади денари, додека во 2016 се исплатени 4.207 илјади денари.

## 10. Производство и продажби

### Производство во физички обем

**(Во Тони)**

| Профитен центар | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Фармација | 932 | 7 | 864 | 7 | 108 |
| Хемија Козметика Билкарство | 12.923 | 93 | 11.919 | 93 | 108 |
| **Вкупно:** | **13.855** | **100** | **12.783** | **100** | **108** |

Оствареното вкупно производство во 2017 година, искажано во физички обем, изнесува 13.855 тони и бележи зголемување од 8% во споредба со оствареното во 2016 година (12.783 тони).

**Вкупни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| Пазар | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Домашен пазар | 2.654.759 | 38 | 2.509.795 | 39 | 106 |
| Странски пазар | 4.277.417 | 62 | 3.908.786 | 61 | 109 |
| **Вкупно:** | **6.932.176** | **100** | **6.418.581** | **100** | **108** |

Остварените вкупни продажби во 2017 година изнесуваат 6.932.176 илјади денари и во споредба со остварените продажби во 2016 година (6.418.581 илјади денари) бележат пораст за 8%. Вкупниот пораст на продажбите е резултат од порастот на продажбите остварени на домашен пазар за 6% и порастот на продажбите на странски пазар од 9%.

Според структурата по пазари, најголем обем на продажби, 62%, е остварен на странски пазари.

**Вкупни продажби по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| Профитен центар | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Фармација | 5.535.481 | 80 | 5.034.633 | 78 | 110 |
| Хемија Козметика Билкарство | 1.396.695 | 20 | 1.383.948 | 22 | 101 |
| **Вкупно:** | **6.932.176** | **100** | **6.418.581** | **100** | **108** |

Најголеми вкупни продажби во износ од 5.535.481 илјади денари, или 80%, се остварени од продажбите на фармацевтски производи. Тие во споредба со остварените вкупни продажби во 2016 година (5.034.633 илјади денари) бележат пораст за 10%.

**Продажби на домашен пазар по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| Профитен центар | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Фармација | 1.989.983 | 75 | 1.853.817 | 74 | 107 |
| Хемија Козметика Билкарство | 664.776 | 25 | 655.978 | 26 | 101 |
| **Вкупно:** | **2.654.759** | **100** | **2.509.795** | **100** | **106** |

Вкупните продажби на домашен пазар изнесуваат 2.654.759 илјади денари и во споредба со 2016 година (2.509.795 илјади денари) бележат пораст од 6%.

Најголем обем на продажби во износ од 1.989.983 илјади денари, или 75%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби на странски пазар по Профитни центри**

(Во 000 Ден)

| Профитен центар | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Фармација | 3.545.498 | 83 | 3.180.816 | 81 | 111 |
| Хемија Козметика Билкарство | 731.919 | 17 | 727.970 | 19 | 101 |
| **Вкупно:** | **4.277.417** | **100** | **3.908.786** | **100** | **109** |

Вкупните продажби на странски пазар изнесуваат 4.277.417 илјади денари и во споредба со 2016 година (3.908.786 илјади денари) бележат пораст од 9%.

Најголем обем на продажби од извоз во износ од 3.545.498 илјади денари, или 83%, се остварени во ПЦ Фармација.

**Продажби на странски пазар по региони / земји**

(Во 000 Ден)

| Регион / Земја | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Југоисточна Европа** | **2.482.014** | **58** | **2.483.273** | **64** | **100** |
| Албанија | 87.096 | 2 | 83.811 | 2 | 104 |
| Босна и Херцеговина | 778.615 | 18 | 752.467 | 19 | 103 |
| Косово | 295.803 | 7 | 325.922 | 8 | 91 |
| Србија | 1.097.115 | 26 | 1.116.541 | 29 | 98 |
| Црна Гора | 223.385 | 5 | 204.532 | 5 | 109 |
| **Русија и други земји во ЗНД** | **459.867** | **11** | **328.395** | **8** | **140** |
| Русија | 350.266 | 8 | 267.001 | 7 | 131 |
| Грузија | 10.814 | - | 7.168 | - | 151 |
| Ерменија | 10.644 | - | 9.851 | - | 108 |
| Азербејџан | - | - | 870 | - | - |
| Украина | 88.143 | 2 | 43.505 | 1 | 203 |
| **Западна Европа (ЕУ и ЕФТА)** | **1.216.372** | **28** | **936.424** | **24** | **130** |
| Бугарија | 175.274 | 4 | 193.661 | 5 | 91 |
| Хрватска | 464.260 | 11 | 413.233 | 11 | 112 |
| Германија | 74.103 | 2 | 70.766 | 2 | 105 |
| Шпанија | - | - | 1.234 | - | - |
| Романија | 87.665 | 2 | 62.143 | 2 | 141 |
| Словенија | 172.953 | 4 | 143.937 | 4 | 120 |
| Чешка | 13.187 | - | 8.168 | - | 161 |
| Полска | 18.737 | - | 10.218 | - | 183 |
| Словачка | 2 | - | 1.772 | - | 0 |
| Унгарија | 28.110 | 1 | 7.729 | - | 364 |
| Литванија | 831 | - | 1.649 | - | 50 |
| Финска | - | - | 2.147 | - | - |
| Велика Британија | 175.440 | 4 | 14.729 | - | 1.191 |
| Холандија | 250 | - | 537 | - | 47 |
| Шведска | 48 | - | - | - | - |
| Швајцарија | 5.512 | - | 4.501 | - | 122 |
| **Други земји** | **119.164** | **3** | **160.694** | **4** | **74** |
| Јордан | 2.465 | - | 2.652 | - | 93 |
| САД | 102.367 | 2 | 142.137 | 4 | 72 |
| Турција | 14.310 | - | 14.950 | - | 96 |
| Останати | 22 | - | 955 | - | 2 |
| **Вкупно:** | **4.277.417** | **100** | **3.908.786** | **100** | **109** |

Најголем обем од продажбите на странски пазар, 58%, се остварени во земјите од Југоисточна Европа.

**Вкупни приходи**

(Во 000 Ден)

| Приходи | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Приходи од продажба на производи и услуги** | **6.932.176** | **95** | **6.418.581** | **96** | **108** |
| **-Домашен пазар** | **2.654.758** | **37** | **2.509.795** | **38** | **106** |
| Продажба на готови производи | 1.922.166 | 26 | 1.848.012 | 28 | 104 |
| Продажба на трговски стоки | 677.659 | 9 | 618.063 | 9 | 110 |
| Останата продажба | 54.933 | 1 | 43.720 | 1 | 126 |
| **-Странски пазар** | **4.277.418** | **59** | **3.908.786** | **58** | **109** |
| Продажба на готови производи | 3.626.175 | 50 | 3.355.090 | 50 | 108 |
| Продажба на трговски стоки | 587.029 | 8 | 501.120 | 7 | 117 |
| Останата продажба | 64.214 | 1 | 52.576 | 1 | 122 |
| **2. Останати деловни приходи** | **323.338** | **4** | **272.583** | **4** | **119** |
| Наплатени отпишани побарувања | 646 | - | 724 | - | 89 |
| Приходи од поранешни години | 5.316 | - | 1.698 | - | 313 |
| Приходи од дивиденда | 153.546 | 2 | 63.601 | 1 | 241 |
| Приходи од камати од тековно работење | 822 | - | 481 | - | 171 |
| ПКР од тековно работење | 114.012 | 2 | 148.171 | 2 | 77 |
| Останати приходи | 48.996 | 1 | 57.908 | 1 | 85 |
| **3. Финансиски приходи** | **13.279** | **-** | **725** | **-** | **1.832** |
| Позитивни курсни разлики од кредити | 13.278 | - | 705 | - | 1.883 |
| Приход од камата на кредити | 1 | - | 20 | - | 5 |
| **Вкупно:** | **7.268.793** | **100** | **6.691.889** | **100** | **109** |

Остварените вкупни приходи во 2017 година изнесуваат 7.268.793 илјади денари што во споредба со остварените во 2016 година (6.961.889 илјади денари) претставува пораст од 9%.
Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 95%, имаат приходите остварени со продажба на производи. Тие бележат пораст од 8% во споредба со остварените приходи во 2016 година.

Останатите деловни приходи учествуваат со 4%. Во споредба со остварените во 2016 година бележат зголемување од 19%.

Финансиските приходи ги опфаќаат само приходите по основ на кредити. Учеството на овие приходи во вкупните приходи е незначително.

**Видови на вкупни продажби**

(Во 000 Ден)

| Приходи | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| Продажба на готови производи | 5.548.341 | 80 | 5.203.102 | 81 | 107 |
| Продажба на трговски стоки | 1.264.688 | 18 | 1.119.183 | 17 | 113 |
| Останата продажба | 119.147 | 2 | 96.296 | 2 | 124 |
| **Вкупно:** | **6.932.176** | **100** | **6.418.581** | **100** | **108** |

**Вкупни расходи по природа на трошоци**

(Во 000 Ден)

| Расходи | 2017 Износ | 2017 % | 2016 Износ | 2016 % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1. Промена на залихите** | **-53.454** | **-1** | **-186.512** | **-3** | **29** |
| **2. Суровини и други материјали** | **2.194.210** | **34** | **2.167.858** | **37** | **101** |
| Потрошени суровини и материјали | 2.032.118 | 32 | 2.030.655 | 34 | 100 |
| Потршена енергија | 134.430 | 2 | 113.694 | 2 | 118 |
| Потршени резервни делови | 22.467 | - | 18.533 | - | 121 |
| Отпис на ситен инвентар | 5.195 | - | 4.976 | - | 104 |
| **3. Набавна вредност на трговски стоки** | **853.429** | **13** | **775.841** | **13** | **110** |
| **4. Услуги** | **417.719** | **6** | **390.965** | **7** | **107** |
| Транспортни трошоци | 192.437 | 3 | 173.905 | 3 | 111 |
| Услуги за одржување | 48.181 | 1 | 43.292 | 1 | 111 |
| Закупнина | 30.114 | - | 25.277 | - | 119 |
| Други материјални улуги | 146.987 | 2 | 148.491 | 3 | 99 |
| **5. Амортизација** | **480.967** | **7** | **421.743** | **7** | **114** |
| **6. Вредносно усогласување на средствата** | **1.314** | **-** | **1.189** | **-** | **111** |
| **7. Трошоци на вработените** | **1.317.604** | **20** | **1.192.317** | **20** | **111** |
| Бруто плати | 1.101.439 | 17 | 998.026 | 17 | 110 |
| Трошоци за исхрана на вработените | 32.126 | - | 28.251 | - | 114 |
| Надомест за годишни одмори | 68.978 | 1 | 65.043 | 1 | 106 |
| Надомест за технолошки вишок | 24.498 | - | 11.204 | - | 219 |
| Краткорочни користи за вработените | 88.700 | 1 | 87.800 | 1 | 101 |
| Надомест за отпремнини на вработените | 429 | - | 692 | - | 62 |
| Други лични примања | 1.434 | - | 1.301 | - | 110 |
| **8. Останати расходи од работењето** | **1.218.937** | **19** | **1.140.757** | **19** | **107** |
| Дневници и трошоци за службено патување | 42.871 | 1 | 34.960 | 1 | 123 |
| Реклама и пропаганда | 677.559 | 11 | 648.131 | 11 | 105 |
| Премии за осигурување | 28.515 | - | 25.288 | - | 113 |
| Даноци и придонеси | 21.015 | - | 13.444 | - | 156 |
| Банкарски услуги и членарини | 15.247 | - | 14.201 | - | 107 |
| Затезни камати и пенали од тековно работење | 139 | - | 2 | - | 6.950 |
| Негативни курсни разлики од тековно работење | 104.641 | 2 | 72.689 | 1 | 144 |
| Расходи од минати години | 11.087 | - | 17.360 | - | 64 |
| Останати трошоци | 317.863 | 5 | 314.682 | 5 | 101 |
| **9. Трошоци на финансирање (Кредити)** | **14.780** | **-** | **9.687** | **-** | **153** |
| Негативни курсни разлики од кредити | 2.671 | - | 1.912 | - | 140 |
| Камати на кредити | 12.109 | - | 7.775 | - | 156 |
| **Вкупно:** | **6.445.506** | **100** | **5.913.845** | **100** | **109** |

Остварените вкупни расходи во 2017 година изнесуваат 6.445.506 илјади денари и во споредба со остварените во 2016 година (5.913.845 илјади денари) се зголемени за 9%.

Во структурата на вкуните расходи најголемо учество од 34% имаат Суровините и другите материјали; Трошоците за вработените учествуваат со 20%; Останатите расходи од работењето учествуваат со 19%; Трошоците на финансирање, кои ги опфаќаат само трошоците по основ на кредити, немаат значително учество во вкупните трошоци.

**Биланс на успех по природа на трошоци**

(Во 000 Ден)

| Позиција | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупен приход** | **7.268.793** | **100** | **6.691.889** | **100** | **109** |
| Домашен пазар | 2.654.758 | 37 | 2.509.795 | 38 | 106 |
| Странски пазар | 4.277.418 | 59 | 3.908.786 | 58 | 109 |
| Останати деловни приходи | 323.338 | 4 | 272.583 | 4 | 119 |
| Приходи од финансирање | 13.279 | - | 725 | - | 1.832 |
| **Вкупни расходи** | **-6.445.506** | **-89** | **-5.913.845** | **-88** | **109** |
| Залихи | 53.454 | 1 | 186.512 | 3 | 29 |
| Суровини и материјали | -2.194.210 | -30 | -2.167.858 | -32 | 101 |
| Набавна вредност на стоки и материјали | -853.429 | -12 | -775.841 | -12 | 110 |
| Трошоци за услуги | -417.719 | -6 | -390.965 | -6 | 107 |
| Бруто плати | -1.101.439 | -15 | -998.026 | -15 | 110 |
| Амортизација | -480.967 | -7 | -421.743 | -6 | 114 |
| Вредносно усогласување на средствата | -1.314 | - | -1.189 | - | 111 |
| Останати трошоци од работењето | -1.435.102 | -20 | -1.335.048 | -20 | 107 |
| Финансиски расходи | -14.780 | - | -9.687 | - | 153 |
| **Добивка пред оданочување** | **823.287** | **11** | **778.044** | **12** | **106** |
| Данок на добивка | -57.332 | -1 | -73.774 | -1 | 78 |
| **Нето добивка** | **765.955** | **11** | **704.270** | **11** | **109** |

Остварената Добивка пред оданочување во 2017 година изнесува 823.287 илјади денари и во споредба со остварената во 2016 година (778.044 илјади денари) бележи зголемување за 6%. Учеството на Добивка пред оданочување во 2017 година во вкупниот приход изнесува 11%.

Пресметаниот Данок на добивка за 2017 година изнесува 57.332 илјади денари и во споредба со 2016 година (73.774 илјади денари) бележи намалување за 22%.

Остварената Нето добивка во 2017 година изнесува 765.955 илјади денари што во споредба со остварената во 2016 година (704.270 илјади денари) бележи зголемување за 9%. Учеството на Нето добивка во 2017 година во вкупниот приход изнесува 11%.

**Биланс на успех по функција**

(Во 000 Ден)

| Позиција | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Продажби** | **6.932.176** | **95** | **6.418.581** | **96** | **108** |
| Трошоци содржани во продадени производи и услуги | -4.207.768 | -58 | -3.785.049 | -57 | 111 |
| **Бруто добивка** | **2.724.408** | **37** | **2.633.532** | **39** | **103** |
| Трошоци за истражување и развој | -76.421 | -1 | -71.498 | -1 | 107 |
| Трошоци за продажба и маркетинг | -1.632.818 | -22 | -1.524.521 | -23 | 107 |
| Административни трошоци | -356.110 | -5 | -385.509 | -6 | 92 |
| Резервирања | -2.438 | - | -1.091 | - | 223 |
| Останати приходи од работењето | 323.338 | 4 | 272.583 | 4 | 119 |
| Останати расходи од работењето | -155.171 | -2 | -136.490 | -2 | 114 |
| **Добивка од работењето** | **824.788** | **11** | **787.006** | **12** | **105** |
| Курсни разлики (Нето) | 10.607 | - | -1.207 | - | -879 |
| Камати (Нето) | -12.108 | - | -7.755 | - | 156 |
| **Добивка пред оданочување** | **823.287** | **11** | **778.044** | **12** | **106** |
| Данок на добивка | -57.332 | -1 | -73.774 | -1 | 78 |
| **Нето добивка** | **765.955** | **11** | **704.270** | **11** | **109** |

Билансот на успех по функција ги прикажува трошоците остварени во пооделните деловни сегменти од се́вкупното работење како: Производни трошоци, Трошоци за истражување и развој, Трошоци на продажба и маркетинг и Административни. Трошоците на финансирање се прикажани на нето основа, т.е. приходите и расходите по основ на кредити се пребиени, така што овие позиции можат да бидат приход или расход.

Во структурата на Вкупните приходи најголемо учество, 58%, имаат Трошоци содржани во продадени производи и услуги. Тие во споредба со остварените во 2016 година бележат пораст од 11%.

Трошоците за продажба и маркетинг во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 22%. Тие во споредба со остварените во 2016 година бележат зголемување за 7%.

Административните трошоци во структурата на Вкупните приходи учествуваат со 5%. Тие во споредба со остварените во 2015 година бележат намалување од 8%.

**Биланс на состојба**

(Во 000 Ден)

| Позиција | 2017 Износ | % | 2016 Износ | % | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|---|---|
| **Средства** | | | | | |
| **Постојани средства** | | | | | |
| Материјални средства | 4.212.549 | 40 | 3.979.777 | 40 | 106 |
| Нематеријални средства | 1.452.689 | 14 | 1.335.395 | 13 | 109 |
| Вложувања во подружници | 374.691 | 4 | 373.149 | 4 | 100 |
| Вложувања во хартии од вредност | 5.110 | - | 4.649 | - | 110 |
| Останати долгорочни побарувања | 80.296 | 1 | 7.991 | - | 1.005 |
| Одложено даночно средство | 17.817 | - | 17.817 | - | 100 |
| **Вкупно постојани средства:** | **6.143.152** | **58** | **5.718.778** | **57** | **107** |
| **Тековни средства** | | | | | |
| Залихи | 2.049.857 | 19 | 1.954.086 | 20 | 105 |
| Побарувања од купувачите | 2.079.731 | 20 | 2.065.705 | 21 | 101 |
| Останати побарувања | 211.020 | 2 | 173.083 | 2 | 122 |
| Пари и парични еквиваленти | 77.220 | 1 | 76.047 | 1 | 102 |
| **Вкупно тековни средства:** | **4.417.828** | **42** | **4.268.921** | **43** | **103** |
| **Вкупно средства:** | **10.560.980** | **100** | **9.987.699** | **100** | **106** |
| **Капитал и обврски** | | | | | |
| **Капитал** | | | | | |
| Акционерски капитал | 2.197.095 | 21 | 2.197.095 | 22 | 100 |
| Законски резерви | 596.146 | 6 | 596.146 | 6 | 100 |
| Останати резерви | 1.122.110 | 11 | 1.121.649 | 11 | 100 |
| Задржана добивка | 4.776.836 | 45 | 4.365.329 | 44 | 109 |
| **Вкупно капитал:** | **8.692.187** | **82** | **8.280.219** | **83** | **105** |
| **Обврски** | | | | | |
| **Тековни обрски** | | | | | |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 1.364.578 | 13 | 1.353.765 | 14 | 101 |
| Обврски за краткорочни кредити | 200.078 | 2 | 288.054 | 3 | 69 |
| Обврски кон државата | 6.345 | - | 13.130 | - | 48 |
| **Вкупно тековни обрски:** | **1.571.001** | **15** | **1.654.949** | **17** | **95** |
| **Долгорочни обврски** | | | | | |
| Обврски за долгорочни кредити | 268.624 | 3 | 25.802 | - | 1.041 |
| Одложени даночни обврски | - | - | - | - | - |
| Долгорочни резервирања | 29.168 | - | 26.729 | - | 109 |
| **Вкупно долгорочни обврски** | **297.792** | **3** | **52.531** | **1** | **567** |
| **Вкупно обврски:** | **1.868.793** | **18** | **1.707.480** | **17** | **109** |
| **Вкупно капитал и обврски:** | **10.560.980** | **100** | **9.987.699** | **100** | **106** |

## Показатели од работењето

(Во %)

| Показатели | 2017 | 2016 | Инд 17/16 |
|---|---|---|---|
| Економичност | 112,77 | 113,16 | 100 |
| Профитабилност | 10,54 | 10,52 | 100 |
| ЕБИТДА (%) | 18,84 | 18,83 | 100 |
| Тековен коефициент | 2,81 | 2,58 | 109 |
| Коефициент на задолженост | 0,05 | 0,04 | 142 |
| Поврат на капиталот | 8,81 | 8,51 | 104 |
| Поврат на средствата | 7,25 | 7,05 | 103 |

## Број на вработени на ден 31 декември

| | 2017 | | 2016 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Профитен центар / ОЕ** | **Број** | **%** | **Број** | **%** | **17/16** |
| Фармација | 754 | 53 | 698 | 51 | 108 |
| Хемија Козметика Билкарство | 199 | 14 | 193 | 14 | 103 |
| Корпоративни служби | 477 | 33 | 468 | 34 | 102 |
| **Вкупно** | **1.430** | **100** | **1.359** | **100** | **105** |

Вкупниот број на вработени со состојба на 31 декември 2017 година изнесува 1.430, што во споредба со вкупниот број на вработени во 2016 година претставува пораст за 5%.

**Алкалоид АД Скопје**